Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО

1. ЈАНУАРИ 2011 – 31. ДЕКЕМВРИ 2011

**СОДРЖИНА**


РЕЗИМЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ........................................................................................ 3

ВОВЕД ............................................................................................................................ 4

РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ............................................. 6

ПОЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА ............................................................................. 9

ОТСТАПУВАЊА ОД ПРОГРАМАТА ........................................................................ 11

## РЕЗИМЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ

Во текот на годината ЦГК спроведе повеќе од 30-тина конкретни активности кои беа предвидени во рамките на петте цели, а произлезени од стратегискиот план и насочени кон остварување на очекуваните резултати зацртани со годишната програма за работа за 2011 година.

Активностите и резултатите се постигнати во рамките на спроведувањето на четири проекти кои се поддржани, финансиски и технички, од шест донатори од кои две се домашни, а четири се странски организации.

Заклучно со средината на ноември и според плановите за работа за до крајот на годината, годишната програма на ЦГК ќе се оствари во целост.

Сумарно, во текот на годината:

- Мониторирана е работата на повеќе од 250 институции на централно и на локално ниво,
- Соработувано е со повеќе од 30 општини, 60 невладини организации, 360 фирми и 800 граѓани;
- Спроведени се 9 истражувања од кои се изработени исто толку анализи и серии препораки;
- Одржани се 5 дводневни обуки на кои се обучени повеќе од 80 луѓе;
- Одржани се 7 дебати, тркалезни маси и фокус групи со повеќе од 80 учесници;
- Анкетирани се околу 800 фирми, граѓани, невладини организации и институции;
- Изработени и доставени се 9 стратешки документи за локалната самоуправа;
- Изработени и доставени се серија законски измени и
- Изработени и доставени се 2 прирачника за работа за новинари и НВОи.

Освен резултатите од спроведените активности, во текот на годината се остварени и неколку значајни достигнувања кои се во насока на постигнување на стратегиските цели на ЦГК. Најголем дел од овие постигнувања не се непосреден резултат на конкретна активност, туку повеќе се плод на подолгорочна, секојдневна, конзистентна и посветена работа на ЦГК.

Во текот на годината не се случија некои позначајни отстапувања во спроведувањето на годишната програма, освен пролонгирање на неколку активности поради одржувањето на вонредните парламентарни избори во јуни.

# ВОВЕД

**Визија на ЦГК**
Демократизација на македонското општество преку подобро информирани граѓани и потранспарентно, поотчетно и поодговорно владеење.

**Мисија**
Главна мисија на ЦГК е да ја развива, подобрува и поддржува комуникацијата меѓу сите општествени фактори во РМ, особено меѓу граѓаните и властите на сите нивоа; да ја подобрува едукацијата на граѓаните во согласност со современите општествени потреби; да ги набљудува, анализира и унапредува економските и општествено-политичките процеси во земјата пред сè од областа на антикорупцијата, локалната самоуправа и економскиот развој; да ги поддржува и развива медиумите, како и медиумското претставување на процесите од поширока општествена важност, да ги обучува и да ги подобрува вештините на новинарите и на другите медиумски професионалци во насока на поквалитетно информирање на граѓаните; да ги поддржува и афирмира процесот на децентрализација и економскиот развој и просперитет на РМ; да го поддржува и афирмира процесот на приближување на РМ кон ЕУ; да спроведува активности во насока на намалување на корупцијата и подобрување на доброто владеење и да ги промовира културните вредност, обележја и специфики на РМ.

ЦГК ја остварува својата мисија преку организирање и спроведување на истражувања, анализи, мониторинг, обуки, семинари и трибини, како и изработка и издавање на извештаи, публикации и прирачници за работа.

**Стратегиски цели**
Стратегиските цели на ЦГК дефинирани за периодот од 2010 до 2012 година се следниве:

- Прераснување во лидерска невладина организација на полето на антикорупцијата,
- Постигнување долгорочна финансиска одржливост и
- Јакнење на капацитетот на организацијата.

**Историјат**
ЦГК е формиран во април 2005 година како невладино, непрофитно и непартиско здружение на граѓани. Во своето шестгодишно дејствување, ЦГК ја фокусира својата работа врз две групи од меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа, препорачување мерки и политики за намалување на просторот за корупција и за унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите и на невладините организации во борбата против корупцијата.

Во оваа насока, ЦГК досега има спроведено десетина проекти, во рамките на кои има изработено и предложено неколку стотини конкретни предлози и препораки за унапредување на регулативата и практиката во насока на потранспарентно, поотчетно и поодговорно работење на централната и на локалните власти, има

обучено речиси 200 новинари од националните и од локалните медиуми за истражување и известување за корупција и има објавено петнаесетина истражувања и прирачници. Претставници на ЦГК редовно учествуваат на работилници и во експертски групи за креирање стратегии и мерки за борба против корупцијата и за други прашања од областите на делување на ЦГК.

Персоналот на ЦГК брои петмина вработени и тројца постојани надворешни соработници, а редовно се соработува и со бројни други експерти (домашни, регионални и меѓународни) од различни сфери. Органите на управување и раководење на ЦГК вклучуваат Собрание на здружението, Извршен одбор и претседател на здружението.

Активностите на ЦГК се пред сè насочени кон јавните и државните институции и органи на централно и на локално ниво, кон новинарите, медиумите, бизнисмените и нивните здруженија, кон невладините организации, како и кон граѓаните на локално и на централно ниво како крајни корисници на делувањето на организацијата.

## РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ

Во текот на 2011 година ЦГК работеше на спроведување на активностите пред сѐ во рамките на четири проекти и тоа:

- „Проект на УСАИД за транспарентно владеење“, финансиски поддржан од УСАИД Македонија, а кој се спроведува во партнерство со НВО Инфоцентар и ЕХО;
- „Медиумите и невладините организации против корупцијата“, финансиски поддржан од Делегацијата на ЕУ во Македонија.
- „Мониторинг на јавните набавки“, финансиски поддржан од ФИООМ и технички поддржан од Националниот демократски институт;
- „Индекс на рационалност во трошењето јавни пари, однос на општините кон јавните набавки и поефикасно менаџирање на судирот на интереси“, финансиски поддржан од ФИООМ и

Годишната програма на ЦГК за 2011 година е финансиски поддржана од SDC (Swiss Development and Cooperation), во рамките на програмата CIVICA Mobilitas – имплементирана од ЦИРа.

Во текот на 2011 година се спроведоа следните активности:

- Целосно се мониторирани 160 постапки за јавни набавки на стотина институции на централно ниво;
- Изработени, отпечатени и дистрибуирани се 4 квартални извештаи со наоди од мониторингот на јавните набавки и препораки за надминување на детектираните слабости;
- Спроведена е анкета меѓу 345 фирми за нивното искуство од учеството на постапките за јавни набавки;
- Организирана е работилница со експерти и изработени се предлози за измени и дополнувања на Законот за јавни набавки;
- Изработени се и доставени предлози за измени и дополнувања на Законот за јавните набавки;
- Изработени се и објавени три истражувања за споредба на цените по кои повеќе од 150 државни институции купувале 16 исти видови производи и услуги;
- Спроведено е длабочинско истражување за спецификите во спроведување на јавните набавки во рамките на општините во земјата;
- Изработен, отпечатен, промовиран и дистрибуиран е Прирачник за новинари за истражување и известување за јавните набавки;
- Обучени се за мониторирање на јавните набавки 10 монитори од исто толку невладини организации на локално ниво;
- Потпишани се меморандуми со градоначалници од 4 општини од скопскиот регион за нивно учество во проектот за транспарентно владеење;
- Спроведено е истражување меѓу 400 граѓани, фирми и невладини организации од скопскиот регион за работењето на општините;

- Изработени се и доставени 50 препораки до 4 општини за вградување на механизми и практики за потранспарентно, поотчетно и поодговорно работење;
- Организирани се дебата и работилница за 11 претставници на четири скопски општини за вградување механизми и практики за потранспарентно, поотчетно и поодговорно работење;
- Организирани се две фокус групи со претставници на месни и урбани заедници, невладини организации и медиуми од Струмица во рамките на процесот на изработка на Комуникациската стратегија;
- Организирани се три работилници за претставници на четири општини од Источна Македонија за изработка на тригодишна стратегија за комуникација;
- Изработен е и доставен за адаптација и усвојување Нацрт-план за внатрешна комуникација за единиците на локалната самоуправа за општините од Источна Македонија;
- Планот за внатрешна комуникација е усвоен од три општини;
- Три општини изработија тригодишни стратегии за комуникација;
- На 4 општини од источна Македонија им е асистирано во спроведувањето на најголемиот дел од доставените 44 препораки за унапредување на нивното работење од обласτа на транспарентноста, одговорноста и отчетноста, информирањето на граѓаните, проактивноста на општината кон локалната заедница и професионалноста на општинската администрација;
- Примени се повеќе од 400 поплаки и предлози од граѓани преку четирите граѓански центри за унапредување на работата на локалната самоуправа кои функционираат во четири општини од Источна Македонија – Штип, Струмица, Виница и Свети Николе.
- Обучени се седум монитори за мониторинг на медиуми;
- Спроведен е мониторинг на седум медиуми (5 национални и 2 локални) за начинот на кој известуваат за корупцијата;
- Изработена е и објавена анализа на резултатите од мониторингот на начинот на кој медиумите известуваат за корупцијата во Македонија;
- Организирани се две дебати со вкупно 30 учесници (новинари и уредници) за улогата на медиумите во борбата против корупцијата;
- Спроведена е обука на 28 новинари од национални и локални медиуми за подобрување на нивните вештини и зголемувањето на нивното знаење за истражување и известување за корупцијата;
- Изработени се препораки до засегнатите страни за преземање мерки за унапредување на улогата на медиумите во борбата против корупцијата;
- Организирани се две тркалезни маси со 36 претставници од невладини организации кои делуваат на национално и на локално нивно за улогата на невладиниот сектор во борбата против корупцијата;
- Изработен е прирачник за невладини организации за зголемување на нивната улога во борбата против корупцијата;
- Спроведена е обука на 20 претставници од невладини организации за зголемување на нивното знаење и унапредување на нивните капацитети

за поголема вклученост во борбата против корупцијата и за соработка со медиумите;

- Изработени се 5 експертски анализи за начинот на справување со судирот на интереси во Македонија, Словенија, Чешка, Романија и Хрватска;
- Одржана е работилница за евалуација и ревизија на Стратегискиот план 2010-2012 година и за утврдување на годишниот план за 2011 година;
- Објавен е годишен извештај за работа за 2010 година;
- Претставници на ЦГК посетија десетина обуки за унапредување на вештините и зголемување на знаењата за прашања од важност во нивната работа.

## ПОЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА

- Конкретни препораки на ЦГК за измени и дополнувања на Законот за јавните набавки се целосно или делумно вклучени во измените и дополнувањата на законот од април и од декември 2011 година.

- ЦГК воведе за прв пат во земјава сосема нов инструмент за мерење на рационалноста во трошењето на јавните пари – т.н. индекс на рационалност кој ги споредува цените по кои разни државни институции на локално и национално нивно купуваат сосема исти производи и услуги, а кои предизвика голем интерес и реакции главно во насока на зголемување на одговорноста на државните институции при трошењето на јавните пари.

- Домашни и странски институции, клучни заинтересирани страни во областа на делување на ЦГК, проактивно реагираа на препораките и залагањата на ЦГК:
    - Неколку од клучните забелешки и препораки на ЦГК произлезени од мониторингот на јавните набавки станаа дел од препораките на Државната комисија за жалби по јавни набавки и
    - Клучниот проблем во јавните набавки детектиран и посочуван од ЦГК – за сè почестото поништување на постапките, по долгото негирање, е признаен од страна на Бирото за јавни набавки и стана дел од нивните предлози до Владата за унапредување на системот на јавните набавки.
    - Дел од наодите во извештаите на ЦГК од мониторингот на јавните набавки се најдоа во Годишниот извештај за напредокот на Македонија на ЕК.

- Претставници на ЦГК зачестено се консултирани како експерти и нивното мислење се вклучува како релевантно во серија настани, извештаи и стратегиски документи од областа на делување на ЦГК и тоа:
    - ЦГК учествуваше во работата на експертските тимови за изработка на новата четиригодишна државна стратегија за спречување на корупцијата на Државната комисија за борба против корупцијата и тоа во два сектора: јавен сектор – јавни финансии, јавни добра и јавни набавки и Медиуми и граѓанско општество.
    - ЦГК е вклучен како единствена невладина организација која учествуваше во Мисијата СИГМА (Заеднички проект на ЕУ и ОЕЦД) за оценување спроведувањето на јавните набавки во РМ.
    - ЦГК учествуваше во серија консултации во Делегацијата на ЕК во Македонија за подготовка на Извештајот за напредокот на земјата за 2011 година.
    - ЦГК беше официјално поканет од Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал, UNODC, да присуствува како набљудувач на Конференцијата на земјите-членки на ОН потписнички на конвенцијата против корупцијата.

- Известувачот на Европскиот парламент за Македонија, г. Ричард Хоуит на негово барање го посети и разговараше со претставници на ЦГК за теми од областа на делување на ЦГК за во функција на изработка на неговиот прв извештај за земјава.
- Претставник на ЦГК учествуваше како панелист на првата од овој вид работилница за превенција и борба против корупцијата во земјава организирана од реномираната организација У4, со презентација за улогата на граѓанскиот сектор во борбата против корупцијата.
- ЦГК е една од трите надворешни невладини организации кои беа вклучени во изработката на акцискиот план за претстојните преговори меѓу Владата и ЗНМ.

* Повеќе од 60 објави во национални и локални медиуми ја спомнале работата или резултатите од активностите на ЦГК – најголем дел од нив без да бидат провоцирани или поттикнати од ЦГК, туку по барање и на иницијатива на медиумите.

## ОТСТАПУВАЊА ОД ПРОГРАМАТА

Во текот на годината не се случија некои позначајни отстапувања во спроведувањето на годишната програма, освен пролонгирање на неколку активности поради одржувањето на вонредните парламентарни избори во јуни.

Имено, ЦГК не ги објавуваше своите планирани извештаи во периодот на предизборието за да се избегне опасноста, поради темата која е во фокус на работењето на организацијата, да биде обвинет дека директно влијае врз одлуките на граѓаните во суптилниот период.

Освен тоа, за време на предизборието се пролонгираа и дел од активностите на ЦГК поради ангажираноста во и околу изборните активности на дел од институциите и групите со кои требаше да се соработува (локалната самоуправа, општинската администрација, медиумите и новинарите).

Дел од одложувањата беше предизвикан и поради блискоста на времето на одржување на изборите (јуни) со годишните одмори (јули и август) и неможноста активностите одложени поради изборите да се надоместат веднаш во месеците по нив. Како и да е, ниту едно од овие одложувања не беше ненадоместливо или, пак, со посериозни негативни импликации.